УДК. 904 : 391.7 (497.742) "14/17"
903.5 : 726.8(497.742)"14/17"



Душко ЦВЕТАНОВ
*НУ Завод и музеј – Струмица*

# ЕДЕН РАРИТЕТЕН НАОД ОД НЕКРОПОЛАТА ВОДОЧА (С. ВОДОЧА – СТРУМИЧКО)

*Клучни зборови:* Стрелачки прстен, некропола, с.Водоча, турско средновековие, благородник.

**Апстракт:** *Со археолошките истражувања на некрополата Водоча во изминативе неколку децении и податоците добиени со истите се отвори една нова слика, нова перцепција и согледување на периодот кој припаѓа на турското средновековие во Македонија XV-XVIII век. Меѓу многуте движни наоди откриени на оваа некропола со импозантен континуитет од XIII-XX век е и стрелачкиот прстен (за оптегнување лак) од гроб 1069, еден раритетен наод, според својата луксузна изработка, најверојатно припаѓал на благородник од ситното христијанско благородништво.*

Еден од најбележитите наоди откриени во големата некропола Водочки Цркви, село Водоча – Струмичко, несомнено е стрелачкиот прстен откриен во гроб бр. 1069. **(Сл.1)** Некрополата го носи името на истоимената населба на чијшто атар е лоцирана, таа се простира во манастирскиот комплекс „Св. Леонтиј" и во неа се погребувало со векови населението од селото Водоча.[1]

Прелиминарните согледувања за карактеристиките на некрополата Водоча дозволуват да се донесат одредени констатации за нејзините културни и хронолошки параметри. Сознанијата дека таа егзистирала од XIII-XIV, се до XX век од овој локалитет прават значаен репер за изучување на многу феномени врзани со континуитететите во животот на една популација во текот на, без малку, еден милениум. Гробовите се главно од типот на цисти од камени плочи .[2]

Стрелачкиот прстен, кој е предмет на ова истражување, припаѓа на периодот на турско средновековие (XV-XVIII век). Некрополата Водоча содржи, главно, две повпечатливи потфази: првата, од XV до XVI век и втората од XVII до XVIII век. Во овој стратум се констатирани, покрај другото, и гробови на ситното, христијанско благородништво коешто го чувало и негувало своето благородничко достоинство и старите, наследни обележја, семејните или личните хералдички ознаки и амблеми, начинот на облекување и сл. Потврда за тоа се и движните наоди на специфичните форми на витешките прстени, во духот на западноевропските традиции, прстени-печатници со натписи и хералдички ознаки.[3] Сепак и по доаѓањето на Турците на овие простори, во првите векови од нивното владеење се задржале старите доцносредновековни традиции и продорот на западноевропските придобивки.

Селото Водоча се наоѓа под пазувците на планината Еленица, на влезот во клисурата на рекичката Водочница, 4 км северозападно од градот Струмица. Истото се спомнува и во опширните турски пописи од 1519 и 1570 година, под името Водица. Во истиот тој период, најверојатно би го датирале и стрелачкиот прстен од гроб 1069. Во 1519 година населението во селото е доминантно христијанско, т.е 58 христијански и само една муслиманско домаќинство, а во 1570 година се за-

---

[1] Првите археолошки ископувања на оваа локација ги извршил Васил Лахтов во периодот 1961-1962 година. Најобемните ископувања на некрополата Водоча, со откриени близу 1000 гробови, во периодот 1979 до 2003 година, ги извршил археологот Јован Ананиев. Теренските работи на овој локалитет во 2004 година ги завршил археологот Ване Секулов исто така од НУ Завод и музеј Струмица. Е. Манева, *Некропола Водоча*, во Inventaria Archaeologica Personarum I, Скопје 2012, 9.

[2] Ibidem, 10; Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје 1992. 228.

[3] Манева 2012, op.cit. 11; Е. Манева, *Древниот накит од Македонија – Некропола Водоча –* (*XIV* почеток на *XIX век),* Скопје 2007, 29-33, кат.бр. 40, 41, 45, 46, 47, 48, 50, 51.




*Сл.1. Некропола Водоча. Ископување во 2004 година и локакација на гроб 1069, (техничка документација: Зорица Костадинова).*

пишани 84 домаќинства, сите христијански.[4] Немаме сомнение дека населението кое живеело во атарот на с.Водоча било претежно христиајнско, задржувајќи ја својата религиозна припадност до денешни дни.

Предмет на истражување во овој труд ќе биде гроб 1069. (Сл.1. 2) Се работи за погребување во јама без никакво обележување. Должината на гробната јама може да ја одредиме затоа што западната страна е затворена со ѕидот, додека на источната има вертикално поставен фрагмент од керамида. Поради тоа што гробот е вкопан во градежен шут, ширината на јамата не можеме да ја одредиме.[5]

[4] Во 1519 година во с.Водоча се попишани 58 христијански домаќинства, 8 неженети и 7 вдовици и само едно муслиманско домаќинство. Во 1570 година се попишани: 84 христијанси домаќинства, 15 неженети и 14 вдовици. Архив на Македонија, Турски документи за историјата на македонскиот народ – опширни пописни дефтери од 16 век за Ќустендилскиот санџак, Том V, книга III. Скопје: Архив на Македонија, 1982. 80-82. Д. Ѓоргиев, *Населението во Струмичката нахија (XVI-XIX век)*, Христијанството во културата и уметноста на Струмичката епархија, Струмица 2002, 115-130. Т.II.

[5] Благодарност до археологот Ване Секулов од НУ Завод и музеј Струмица за отстапувањето на матријалот и постоечката теренска документација. Гроб бр. 1069 е истражен во кампањата од 2004 година. Техничката документација и компјутерска обработка од теренските истражувања е изработена од Зорица Костадинова од НУ Завод и музеј Струмица.

Должината на покојникот изнесува 1,72 м, положен е на грб со череп поставен на базата; десната рака е свиткана во лакт и со подлактицата преку десната страна од градниот кош, додека левата со подлактицата е поставена на стомакот; нозете се испружени и паралелни. (Сл. 2) Ориентација запад – исток, својствена за христијанските канони, укажува дека се работи за машко лице. Самото погребување, стратиграфски, според другите погребувања, можеме да го датираме во XV-XVI век.

Наоди, еден стрелачки прстен, поставен врз левата страна од градниот кош.[6] (Сл.3) Прстенот е изработен од еленски рог. Затворената алка има заострено – издолжен дел (штит). По целата површина на прстенот има декорација изведена со пунктирање, која го следи работ на издолжениот дел, како и на надворешниот дел на алката, каде исто така има мали точки, на нешто поголемо растојание една од друга. Околу самите точки се забележува зеленкаста боја, со што се поставува прашањето дали прстенот бил обоен со зеленкаста пигмент, или сепак неговата површина била облоежена со бронзен лим (бронзена ламела – апликација), која со мали нитни-шајчиња ја прикрепувала кожата за внатрешната страна од прстенот, која служела како заштита на палецот од повреди при користењето. Додека самите точки се остатоци при исчукувањето на лимот и неговото прицврстување. Лимот, најверојатно, и бил изработен од бронза / бакар, со што неговата оксидација оставила траги врз самиот прстен. Обликот на трагите од бронзената апликација остава можност дека биле вметнати декоративни камења. (Сл.4) Овој луксузен примерок, најверојатно припаѓал на благородник од ситното христијанско благородништво кое во XV-XVI век се уште го чувало и негувало своето благородничко достоинство. Како и според аналогиите, прстенот ќе го датираме во XV-XVI век. Според положбата каде е најден можеме да констатираме дека тој, најверојатно, бил закачен за облеката на покојникот или висел на вратот, најверојатно со врвца или кожичка. На еден дел од алката прстенот е намерно отсечен и има направено еден мал кос засечок, со што прстенот, најверојатно, требало да биде преадаптиран за друга рака (подебел прст), со други зборови наследство.[7]




*Сл.2. Гроб 1069, некропола Водоча, (фотографија: Ване Секулов).*

Накратко ќе укажеме на начинот на кој во стрелаштвото бил употребуван овој наод. Ракувањето со лак бара заштитни елементи. Како такви можат да бидат поставени некои коскени плочки, кои биле привррзувани кон раката, за да ја заштитат по пуштањето на тетивата или пак кожички. Во целото средновековие се распространети метални и коскени прстени со карактеристична форма, истите помагат за оптегнување на тетивата.[8] (Сл.5)

Особено големо внимане се обраќало на начините при кои се оптегнувала тетивата на лакот, т.е. од една страна дали таа се оптегнувала до градите, или до увото, а од друга – на начинот на којшто прстите на десната рака ги фаќале стрелата и тетивата. Вториот фактор ќе биде од нужда во нашиов случај, односно изборот на прстите со кои се оптегнува тетивата. Според воените трактати

---

[6] Прстенот е со тер.инв.бр.3270 и сега се наоѓа во НУ Завод и музеј Струмица.

[7] Благодарност до м-р Глигор Божиновски (Археолошки музеј – Скопје) за информациите и стручните совети во врска со употребата на овие прстени.

[8] В. Йотов, *Въоръжението и снаряжението от българското средновековие (VII-XI век)*, Варна 2004. 20; T.IV, (23-26); J. D. Latham and W. F. Peterson, *Saracen archery: an English version and exposition of a Mameluke, (ca. A.D. 1368)*, London 1970, 34-36. fig.17.



*Сл.3. Стрелачки прстен (прстен за заштита на палецот), од гроб 1069, некропола Водоча. (фотографија: Душко Цветанов).*



*Сл.4. Стрелачки прстен (прстен за заштита на палецот), од гроб 1069, некропола Водоча. (фотографија: Душко Цветанов).*

установени се три можни начини како да се фатат тетивата и стрелата.[9]

а) Фаќање на стрелата, заедно со легнатата во раката тетива, со палецот и показалецот (првичен тип).

б) Оптегнување на тетивата со висење на трите средни прсти, при што крајот на стрелата лежи меѓу показалецот и средниот прст (т.н. средоземноморски начин на фаќање).

в) Тетивата, заедно со стрелата, се оптегнуваат низ свитканиот палец, најчесто заштитен со прстен, додека показалецот и средниот прст на истата рака го допираат и поткрепуваат последниот дел на палецот (монголски начин на фаќање).

Веројатно европските народи, заедно со начинот на фаќање, ја презеле од азиските коњанички народи и употребата на заштитен прстен за палецот. Тој прстен, познат од многубројните турски наоди, бил проширен од едната страна, за да го заштити врвот на палецот од повреди при испуштањето на тетивата.[10] Карактеристичниот дел на прстенот, штитот, има за цел да јас заштити перницата на палецот од тетивата на лакот.

[9] Т. Г. Колиас, *Византийски оръжия, принос към византийското оръжейно изкуство*, во Studia Militaria Balcanica I, Велико Търново 2012, 267-268.

[10] Ibidem, 268-269.



*Сл.5. Скица, начин на употреба на стрелачки прстен. (графички дизајн: Тиме Гарванлиев)*



*Сл.6. Јавач на коњ со лак во битката кај Мохач (Унгарија) 1526 година, минјатурата ја опишува борбата на Сулејман Величествени*

Таквите прстени со оваа карактеристична форма се употребуваат низ целото средновековие.[11]

Во исламскиот свет **се смета дека креатор на овој прстен е Али, тој ги учел своите синови Хасан и Хусејн на стрелаштвото, целта била да се заштитат прстите од притисокот на тетивата на лакот.** Спрема традицијата прстенот бил изработуван од рог на овен. Паличниот прстен е најважен аксесоар потребен за еден турски стрелач, без кој е невозможно да се стрела. Тој може да биде изработен од злато, сребро, минерални камења, слонова коска, рог (од различни видови животни). Најдобрите прстени се изработени од заби на морж, затоа што овој материјал добро се полира и не пожолтува. А додека најевтин и најшироко употреблив е рогот од вол.[12]

[11] М. Златков, *Цар Самуил (1014) в битка за България*, София 2014, 191, кат.бр. 96, 97.



*Сл.7. Султанот Мехмед II (1451-1481), мириса роза, од албумот Sarayi, c.1480 CE (на десниот палец носи стрелачки прстен)*

Овој тип на прстен Иранците го нарекуваат напрсток *(engüştvân)*, Арабите *(küştib)*, Турците *(zinger)* или *(SAST)*. SAST во персискиот јазик се вели за бројот 60, така што при стрелањето показалецот се става врз првиот зглоб на палецот од ноктот. Оваа форма на поставеност на прстите го оформува бројот 60. Прстените се изработувале по нарачка во однос на големината на палецот, во восочен калап. За изработка на овие прстени постоеле посебни мајстори.[13]

Барајќи аналогии со ваквите прстени, кои меѓу другото се ретки наоди на Балакнскиот Полостров, а имајќи предвид дека нашиот примерок е изработен од еленски рог, сето тоа го става во групата на раритетни наоди. Сличен прстен, кој е изработен од потколеница на животинска коска, е пронајден во средновековниот град Голубац, во Република Србија, датира од XV век. Истиот тој прстен на горната страна е украсен со врежани

[12] Paul e. Klopsteg, *Turkish archery and the composite bow*, London 1987, 67-71. fig.31-34.

[13] Ü. Yücel, *Türk Okçuluğu. - ın Atatürk Kültür Merkezi yayını*, vol. 182. Başkanlığı, Atatürk Kültür Merkezi, 1999, 309-310, fig. 205, 206, 207, 208.



*Сл.8. Прстен од локалитетот „Св.15 Тивериополски маченици“ – Струмица (фотографија: Душко Цветанов).*

линии. Земајќи ја предвид добрата украсеност на овие предмети, се наметнува претпоставката дека покрај основната функција имале и декоративна улога. Овие прстени доста се изработувале во средниот век и во отоманскиот период. Бронзените прстени се смета дека биле употребувани во воени прилики, (Сл.6) а скапоцените примероци од сребро биле изработувани за властелата, за турнири и лов. (Сл.**7)** Во Бугарија овој тип на прстени се нарекуваат уште и соколарски.[14] Два примерока на овој тип прстени се откриени на Скопско кале и се изработени од коска. И еден примерок од Мородвис, изработен од бронза. Не се исклучува можноста да има уште неколку вакви прстени пронајдени во Р. Македонија, но за пошироката стручната јавност не се познати.[15]

На некрополата Водоча е откриен уште еден прстен кој според поновите истражувања се повеќе се дефинира како машки, и тоа за посебна намена, запнување на лак со стрели. Прстенот е од бронза, излеан во еден дел, обрачот е лентест со одвај нагласено здебелување во долниот дел, додека главата е плочеста, со специфична форма во вид на капка. Површината на истиот е доста излижана поради долгата употреба. Овој наод е откриен заедно со прстенот со претстава на скорпион како печат, примерок кој проф д-р Елица Манева го датира кон крајот на XIV и почетокот на XV век и смета дека бил во сопстевеност на воин - член на посадата што управувала со опсадната постројка наречена скорпион. Прстенот за запнување на лак, без оглед дали имал боева, ловџиска и витешко-турнирска намена, сведочи за неговите стрелачки активности.[16] Во струмичкиот крај е познат уште еден ваков примерок од локалитетот „Св. Петнаесет тивериополски маченици“ – Струмица, откриен во гроб 31. Прстенот е изработен од сребро.[17] (Сл.**8)** Се поставува прашањето, за која намена биле користени овие неколку прстени откриени во Струмичко. Дали за лов, стрелачки игри, воени дејствија или сепак само со декоративна намена, имајќи предвид дека овие примероци се доста излижани, што укажува на нивната долгогодишна употреба, најверојатно добивани како наследство.

Во Отоманската империја имало игри со лак, кои биле своевидни воени обуки, истите биле карактеристични за турските стрелци. Во XV век нивните натпревари биле институционализирани во одделни текиња со терени за стрелба (тур. окмејдан – место за стрелба). Во XV-XVI век окмејдани имало во Јаница на Вардар (базата на Евренос бег), Скопје, Валона, Софија и Белград. Натпреварите биле поделени во две дисциплини: Далечна стрелба и гаѓање. Дополнително стрелбата по гаѓање била поделена на три категории:

[14] М. Цуњак, Ч. Јордановић, *Средњовековни град Голубац*, Смедерево 2002. 89. Т.VII, 60; И.Ђуровић, *Средњовековни накит из збирки народног музеја Крагујевац*, Крагујевац 2012, 101-102, fig.81, 82.

[15] Двата примерока од Скопско кале беа изложени на годишната изложба во 2009 година, додека за примерокот од Мородвис немам некои подетални податоци, истиот е изложен во Археолошкиот музеј – Скопје, датиран во XV век.

[16] Прстенот е откриен во гроб 369, тер.инв.бр. 613. Е. Манева, Повторно за воинот од посадата на скорпионите од Водоча, *Macedoniae Acta Archaeologica*. 19, Скопје 2010, 405-413. fig. 2 а-в, 3 а,б, 10 а-в, 11; Манева 2012, op.cit. 63-67, fig.1, 2 а-в, 3. 70-72, fig.2 а-в, 3 а-б.

[17] Гроб 31 е истражен во кампањата од 2008 на лок Св.15 Тивериополски маченици – Струмица, од археологот Маргарита Атанасова НУ Завод и музеј Струмица. Прстенот е со Тер.инв.бр.161.



*Сл.9. Султанот Мурат II во стрелачка пракса (минијатурна слика од 1584 CE). (кабак – стрелба од коњ на мета која висела на висока прачка).*

пута – стрелање по кожени наполнети торби, на растојание од 160 – 250 м; дарб – воен натпревар; стрелање по метални предмети со цел стекнување на вештина за пробивање на браници; кабак – стрелба од коњ на мета која висела на висока прачка.[18] (Сл.**9)**

Можеби благородникот погребан на Водочката некропола во гроб 1069 бил еден од стрелците кои учествувале на овие стрелачки игри, можеби неговиот општествен статус му го обезбедувал тоа, или прстенот со кој бил погребан го наследил од неговите предци. Самото погребување се поклопува со периодот во кој биле актуелни овие стрелачки игри. Но во нашиот случај погребувањето остава простор за размислување и резервираност, се работи за погребување во јама без никакво обележување, а самиот гроб е вкопан во градежен шут. Ако ги земеме предвид другите погребувања датирани во истиот период, се главно од типот на цисти од камени плочи, ќе си го поставиме прашањето зошто покојникот кој е предмет на истражување, е погребан во градежен шут и без никакво обележје иако неговиот статус му овозможувал пристоен гроб. Или, сепак, постоела добра причина понизно да биде погребан.

Во 16 век судот на Отоманската Империја, овие прстени освен за примарната функција, ги користел и за срамни егзекуции на официјални личности, да затегне шамивче намотано околу грлото.[19] Самиот прстен е пронајден на градниот кош на покојникот. Сепак ова мислење се зема со резервираност, но остава простор за понатамошни истражувања на остеолошкиот материјал, барање идентични аналогии, автентични пишани извори, да потврдиме кој всушност бил сопственикот на овој прстен. Дали благородник кој до краен момент се борел да го зачува своето достоинство, кое го чинело и неговиот живот.

БИБЛИОГРАФИЈА:


Архив на Македонија, Турски документи за историјата на македонскиот народ – опширни пописни дефтери од 16 век за Ќустендилскиот санџак, Том V, книга III. Скопје: Архив на Македонија, 1982. 33-227.

В. Йотов, Въоръжението и снаряжението от българското средновековие (VII-XI век), Варна 2004.

Г. Божиноски, Рьчно матателно орaьжие – от *XIII* и *XIV век на територия*та на Република Македония, София 2013.

Д. Ѓоргиев, Населението во Струмичката нахија (*XVI-XIX* век), Христијанството во културата и уметноста на Струмичката епархија, Струмица 2002.

Е. Манева, Некропола Водоча, во Inventaria Archaeologica Personarum I,Скопје 2012.

Е. Манева, Древниот накит од Македонија – Некропола Водоча – (*XIV*-почеток на *XIX век),* Скопје 2007.

Е. Манева, Средновекпoвен накит од Македонија, Скопје 1992.

Е. Манева, Повторно за воинот од посадата на скорпионите од Водоча. *Macedoniae Acta Archaeologica*. 19, Скопје 2010, 405-413.

И. Ђуровић, Средњовековни накит из збирки народног музеја Крагујевац, Крагујевац 2012. 101-102, fig.81,82,

М. Златков, Цар Самуил (1014) в битка за България, София 2014.

М. Цуњак, Ч. Јордановић, Средњовековни град Голубац, Смедерево 2002.

Т. Г. Колиас, Византийски оръжия, принос


[18] Г. Божиноски, *Рьчно матателно ораьжие* — от *XIII* и *XIV век на територията на Република Македония*, София 2013, 62.

[19] Rogers J.M. and Ward R.M.; *Süleyman the Magnificent*, British Museum Publication, London 1988, 152.

към византийското оръжейно изкуство, во Studia Militaria Balcanica I, Велико Търново 2012.

J. D. Latham and W.F.Peterson, *Saracen archery: an English version and exposition of a Mameluke work on archery (ca. A.D. 1368)*, London 1970, 34-36.

Paul e. Klopsteg, *Turkish archery and the composite bow*, London 1987.

Rogers J.M. and Ward R.M.; *Süleyman the Magnificent*, 1988, British Museum Publication, 152.

**Ü. Yücel,** *Türk Okçuluğu. - ın Atatürk Kültür Merkezi yayını*, vol. 182. Başkanlığı, Atatürk Kültür Merkezi, 1999.

Duško CVETANOV

## A RARE FIND ON THE NECRPOLIS OF VODOČA
(Village Vodoča near Strumica)

*Summary*

The luxury thumb ring found on the necropolis at Vodoča (v. Vodoč, near Strumica (fig. 1.2) which once belonged to the lower Christian nobility, that still existed throughout the first centuries of the Ottoman rule in this region undoubtedly represents a rare find. This ring, beside the function of protecting the thumb of the archer when stretching the bow (fig.5), it also had a decorative function. The thumb ring (*zinger*) was an important accessory of the Ottoman archer. Very rare finds represent this type of rings on the sites in R.Macedonia, and no publications have been written on this matter.

These types of rings were made during in the Middle Ages and in the Ottoman period. It was believed that the bronze rings were used in military actions, while the luxury type made of silver were used by the nobles during the hunting games. These rings represent an Asian benefit that was transferred to Europe. The thumb ring was made of deer horn .The close link has a spiky-elongated part (a shield). The surface of the ring is decorated with stippling, from the edge of the elongated part, as well as the link. A green color is visible around the dots, raising the question if the ring was once decorated by a green pigment, or that the surface was covered with a bronze tin (a bronze attachment) fixed by small rivets- studs holding the leather from the inside of the ring, providing safety during the use. The small dots represent remains from the securing of the tin studs. The tin was probably made of bronze/ copper, and the oxidation has left traces on the ring. (fig.1.2)

Having in mind that the Christian population was exempt from military service during the Ottoman period, and the deceased owner was a Christian, it is possible to consider the thumb ring was used for hunting games, or archery tournaments. During the 15th century the tournaments were institutionalized in separate tekkes with an arrow space named as “oq-meidany”. In the 15th–16th century’s oq-meidany were found in Yanica on Vardar (the base of Evrenos Bey), Skopje, Valorë, Sofia and Belgrade. Furthermore we cannot leave out the possibility that the owner received the ring as an inheritance, and was not used in archery, but only for decorative use.